РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА,
ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ - СКОПЈЕ
MINISTRIA E POLITIKËS SOCIALE E
DEMOGRAFISË DHE E TË RINJVE - SHKUP
Бр. / Nr. 02-4460/8
29-07-2025 20 год. / viti

ПРИВАТНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА
НИКОБ МЕДИКАЛ-СКОПЈЕ
БР. 03-01/560
ОД 31.07 20 25
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР
# ЗА ЈАВНА НАБАВКА
**систематски здравствени прегледи за вработените во Министерство за социјална политика, демографија и млади и единките корисници финансирани преку Буџетот на Министерството**

Склучен на ден ________. 2025 година, помеѓу:

## I ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1. **Министерство за социјална политика, демографија и млади**, со седиште на ул.„Даме Груев„ бр.14 Скопје, претставувано од Министер Фатмир Лимани, во понатамошниот текст: **Договорен орган**, и

2. **Приватна здравствена установа - Поликлиника на примарно ниво НИКОБ МЕДИКАЛ Скопје**, со ЕМБС 7475977, со седиште на Бул. Борис Трајковски бр. 62, Скопје претставувано од **Управител Кирил Лазаров**, во понатамошниот текст: **Носител на набавката**

## II ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 1**

Со овој договор се уредуваат меѓусебните права и обврски помеѓу Договорниот орган и Носителот на набавката, согласно спроведената јавна набавка за посебни услуги - Набавка на систематски здравствени прегледи за вработените во Министерство за социјална политика, демографија и млади и единките корисници финансирани преку Буџетот на Министерството, во согласност со позитивните законски прописи поврзани со предметот на набавката, односно Законот за јавни набавки („Сл.весник на РМ“ бр.24/19, „Сл.весник на РСМ“ бр.87/21, и „Сл.весник на РСМ“ бр.14/25) и важечките подзаконски акти, Законот за безбедност и здравје при работа („Службен весник на Република Македонија“ бр.92/07, бр.136/11, бр.23/13, бр.25/13, бр.137/13, бр.164/13, бр.158/14, бр.15/15, бр.129/15, бр.192/15, бр.30/16) и Уредбата за видот, начинот, обемот и ценовникот на здравствените прегледи на вработените („Службен весник на Република Македонија“ бр. 60/13 и 168/14) и Законот за облигациони односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 18/01, 04/02, 05/03, 84/08, 81/09, 161/09 и 123/13 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.215/21 и 154/23).

Договорните страни го склучуваат овој договор врз основа на Одлука за јавна набавка за посебни услуги - Набавка на систематски здравствени прегледи за вработените во Министерство за социјална политика, демографија и млади и единките корисници финансирани преку Буџетот на Министерството со архивски број 02-4460/1 од 10.06.2025 година, Одлука за избор за најповолен понудувач со архивски број 02-4460/5 од 10.07.2025 година, донесена во истата постапка, како и врз основа на доставена понуда од Носителот на набавката со која во целост се прифатени условите, барањата и напомените предвидени во тендерската документација.

**Член 2**

Предмет на овој договор е набавка на посебни услуги - Набавка на систематски здравствени прегледи за вработените во Министерство за социјална политика, демографија и млади и единките корисници финансирани преку Буџетот на Министерството.

## III ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ

**Член 3**

Јазик на Договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на Договорот е македонскиот јазик.

Целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е на македонски јазик.

## IV ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 4**

Овој Договор е со времетраење од две (2) години или до негово целосно вредносно реализирање зависно од тоа што попрво ќе настане.

## V ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 5**

Вкупната вредност на овој договор изнесува 1.982.460,00 (еден милион деветстотини осумдесет две илјади четиристотини и шеесет) денари без пресметан данок на додадена вредност (ДДВ).

Согласно позитивните законски прописи, здравствените прегледи не подлежат на ДДВ.

Цената за основен пакет - стандарден минимум е определена со Прилог бр.6 од Уредбата за видот, начинот, обемот и ценовникот на здравствените прегледи („Службен весник на Република Македонија“ бр.60/2013 и 168/14) и истата изнесува 800,00 денари по лице.

Цената за дополнителен преглед ( дополнителна лабораторија – AST, ALT,уреа, креатинин, GGT, HDL, LDL, TSH ) изнесува 340,00 денари по лице.

| Ред. бр. | Назив на услугата | Вкупна цена без ДДВ |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 5 |
| 1. | Здравствени прегледи од основен пакет - стандарден минимум | 1.391.200,00 |
| 2. | Здравствени прегледи од дополнителни услуги | 591.260,00 |
| ВКУПНО | | 1.982.460,00 |

Дополнителни прегледи:

| Р. Бр | Опис на позиции | Број на прегледи | Единечна мерка | Единечна цена за 1 преглед | Вкупна цена (3*5) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1 | Дополнителна лабораторија – AST, ALT,уреа, креатинин, GGT, HDL, LDL, TSH | 1739 | 1 преглед | 340,00 | 591.260,00 |
| | | | | Вкупна цена без ДДВ* | 591.260,00 |

## VI НАЧИН И РОК НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 6**

Начинот на плаќање е вирмански.

Рок на плаќање е во рок до 30 дена од денот на приемот на фактурата во архивата на Министерство за социјална политика, демографија и млади (МСПДМ) со прилог уредно заверен Извештај за извршените услуги.

Во доставената фактура ќе се фактурираат само извршените здравствени прегледи според единичните цени за секој здравствен преглед.

Прилог на фактурата е список (спецификација) на извршени здравствени прегледи од законскиот стандарден минимум и пооделно од сите видови дополнителни здравствени прегледи за МСПДМ, за секој ЦСР и ЈУ одделно.

Начинот на плаќање е задолжителен.

Не се предвидува авансно плаќање.

**Член 7**

Фактурата ги содржи особено следниве елементи:

- повикување на број на договорот;
- датум на изготвување на фактурата;
- назив на ставката како што е опишана во техничката спецификација;
- единечни договорени цени за секоја од позициите без вкалкулиран ДДВ;
- вкупни цени без вкалкулиран ДДВ;
- вкупна цена на фактурата;
- вкупна цена за исплата по фактурата (доколку имало евентуално намалување);
- валута на плаќање;
- рок на плаќање; и
- сметка и банка на давателот на фактурата.

## VII НАЧИН И РОК НА ИЗВРШУВАЊЕ НА УСЛУГИТЕ

**Член 8**

Носителот на набавката ќе ги извршува услугите за систематски здравствени прегледи на вработените во Министерството за социјална политика, демографија и млади и јавните установи – центрите и установите за социјална заштита, единки корисници на министерството.

Услугите за систематски здравствени прегледи на вработените се состојат од основен пакет - стандарден минимум согласно член 22 став (5) од Законот за безбедност и здравје при работа („Службен весник на Република Македонија" бр. 92/2007, 136/11, 23/13, 25/13, 137/13 164/13, 158/14, 15/15, 129/15, 192/15, 30/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.18/20) и Уредбата за видот, начинот, обемот и ценовникот на здравствените прегледи на вработените („Службен весник на Република Македонија" бр. 60/13 и 168/14), како и дополнителни прегледи.

Видот пакет за здравствен преглед и максималниот број на прегледи од основниот пакет и дополнителните преглед е како што следи:

<table>
<tr><th>Ред.бр.</th><th>Вид пакет за здравствен преглед</th><th>број на прегледи</th></tr>
<tr><td>1</td><td><u>ОСНОВЕН ПАКЕТ (за сите вработени/упатени лица)</u><br><br>1.1. <u>Општ лекарски преглед од д-р специјалист по медицина на трудот</u><br><br>• Анамнестички податоци (работна анамнеза, главни тешкотии, сегашна болест, фамилијарна анамнеза, лична анамнеза и социјално епидемиолошки податоци);<br>• Клинички преглед (општ статус на целото тело, статус по системи, дијагностички испитувања);<br>• Антропометрија (телесна маса, телесна висина и BMI – Body mass index, идеална телесна тежина);<br>• ЕКГ (12) одводи – испитување на срцето со 12 канално ЕКГ и кардиоваскуларна проценка;<br>• Испитување на функцијата на видот (острина на видот за близина и далечина);<br>• Аудиометрија - испитување на слухот;<br>• Спирометрија – испитување на капацитетот на белите дробови;<br><br><u>1.2. Лабораториски испитувања - стандард</u><br><br>• Хематолошки испитувања (диференцијална крвна слика - еритроцити, хемоглобин, хематокрит, леукоцити);<br>• Гликемија;<br>• Липиден статус (Холестерол, Железо и Триглицериди);<br>• Преглед на урина (шеќер, протеин, билирубин, уробилиноген, седимент, итн.);<br><br><u>1.3. Радиофотографија на граден кош – по одлука на лекар</u> и<br><u>1.4. Завршно мислење за работоспособност од д-р специјалист по медицина на трудот.</u></td><td>1739</td></tr>
<tr><td>2</td><td>ДОПОЛНИТЕЛНИ ПРЕГЛЕДИ (за сите вработени/упатени лица)</td><td></td></tr>
<tr><td></td><td>Дополнителни услуги (Дополнителна лабораторија – AST, ALT,уреа, креатинин, GGT, HDL, LDL, TSH)</td><td>1739</td></tr>
</table>

Носителот на набавката е должен да ги извршува услугите сукцесивно по склучување на договорот за јавна набавка и добивање упат од Министерството за социјална политика, демографија и млади за потребните здравствени прегледи.

Носителот на набавката е должен да ја усогласи сопствената динамика и простор за извршување на услугите според динамиката и потребите утврдени од страна на договорниот орган.

За времетраењето на договорот за јавна набавка, договорниот орган може да бара здравствени прегледи само за една или за сите ставки од оваа техничка спецификација, кои ќе бидат наведени во упатот.

Носителот на набавката е должен сите систематски здравствени прегледи на вработените од Скопје да ги извршува во овластена здравствена установа во соодветно технички опремени простории на територијата на град Скопје, согласно техничките спецификации од тендерската документација, по доставен упат од страна на Договорниот орган.

Носителот на набавката е должен сите систематски здравствени прегледи на вработените надвор од Скопје, да ги извршува во градовите во кои се наоѓаат седиштата на ЦСР и ЈУ преку мобилни екипи: Тетово, Гостивар, Дебар, Битола, Ресен, Демир Хисар, Прилеп, Крушево, Охрид, Струга, Кичево, Македонски Брод, Велес, Неготино, Кавадарци, Свети Николе, Демир Капија, Струмица, Гевгелија, Валандово, Радовиш, Штип, Кочани, Виница, Пробиштип, Берово, Делчево, Куманово, Крива Паланка и Кратово, по доставен упат од страна на Договорниот орган.

Носителот на набавката е должен систематските здравствени прегледи на вработените лица да ги реализира во оптимален рок, а најдоцна во рок од 45 дена од доставеното барање за отпочнување со систематски прегледи на сите вработени. По исклучок, за вработените кои нема да бидат во можност да ги извршат прегледите на договорените термини, ќе се одреди дополнителен термин.

Лицата задолжени за следење на договорот на избраната здравствена установа писмено ќе ги потврдуваат закажаните термини за систематските здравствени прегледи на вработените, врз основа на претходна резервација по доставен список на лица од страна на договорниот орган.

Носителот на набавка ќе изврши наплата само за извршените систематски здравствени прегледи и само за извршените прегледи од дополнителнителните услуги.

Носителот на набавката е должен по извршена услуга за секој вработен да изработи и да достави извештај за систематскиот здравствен преглед на вработениот/упатеното лице од страна на доктор специјалист по медицина на трудот во три примерока, од кои еден примерок за овластената здравствена установа и по еден примерок за вработениот и за договорниот орган заради евиденција во персоналните досиеја, како и мислење за утврдената работна способност за секој вработен поединечно на начин кој овозможува заштита на тајноста на содржината. Извештајот од извршените систематски/здравствени прегледи на вработениот/упатеното лице од страна на доктор, специјалист по медицина на трудот, покрај заклучокот од истиот, потребно е да содржи и потписи од сите доктори специјалисти кои ги извршиле сите предвидени прегледи во упатот, а на вработениот да му се издаде извештај од секој специјалист посебно.Извештајот треба да биде доставен во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на извршениот здравствен преглед.

Во случај некој од вработените/упатените лица да не изврши или одбие да изврши кој било од дополнителните прегледи истиот задолжително потпишува изјава кај носителот на набавката и прегледот нема да се фактурира.

Изјавата задолжително се доставува до договорниот орган во прилог на извештајот.

Забелешка: Ако вработениот кај договорниот орган не ги исполнува здравствените услови за извршување на работните задачи на неговото работно место, овластената здравствена установа, односно Носителот на набавката ВЕДНАШ да го извести договорниот орган.

Лабораториските испитувања потребни за извршување на здравствените прегледи на вработените ќе се вршат во лабораторија ПЗУ АНАСТАЗИЈА БИОМЕД со која Носителот на набвката има склучено договор за подизведувач.

Распоредот на систематските прегледи за 2025 година и 2026 година е следен:

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | СИСТЕМАТСКИ ПРЕГЛЕДИ ЗА 2025 | | | | СИСТЕМАТСКИ ПРЕГЛЕДИ ЗА 2026 | |
| **Опис на предметот на набавка** | **Единица мерка** | **Количина (ДО) за 2025 година** | | | **Единица мерка** | **Количина (ДО) за 2026 година** | |
| **СИСТЕМАТСКИ ПРЕГЛЕДИ** | | | | | | | |
| Систематски преглед на вработени во МСПДМ, ЦСР и ЈУ (администрација и инспектори) - основен пакет-стандарден минимум (800 ден) | | 1329 | | | | 410 | |
| | | Мажи | Жени | | | Мажи | Жени |
| Дополнителни услуги | **лице** | 352 | 977 | | **лице** | 119 | 291 |
| Дополнителни услуги (Дополнителна лабораторија – AST, ALT,уреа, креатинин, GGT, HDL, LDL, TSH) | лице | 1329 | | | лице | 410 | |

Вкупно се 1.739 (со 25 инспектори за 2026 година повторно)

**Систематските прегледи ќе бидат извршени на вработени во 2025 година во следните институции и установи:**

- Министерство за социјална политика, демографија и млади - 160 жени, 70 мажи
- ЈУ ЦСР Скопје 67 мажи, 164 жени
- ЈУ Завод за социјални дејности Скопје – 2 мажи, 20 жени
- ЈУЦСР Дебар – 16 жени, 8 мажи
- ЈУ Специјален завод Демир Капија – 28 мажи, 104 жени
- ЈУ ЦСР Демир Хисар – 0 мажи , 9 жени
- ЈУ МЦСР Струмица – 7 мажи, 23 жени
- ЈУЦСР Куманово – 2 мажи, 1 жена
- ЈУ ЦСР Ресен – 3 мажи, 14 жени
- ЈУ ЦСР Велес - 13 мажи, 40 жени
- ЈУ Завод за заштита и рехабилитација Бања Банско Струмица – 10 мажи, 16 жени
- ЈУ Детски дом 11 Октомври – 35 жени, 11 мажи
- ЈУ ЦСР Охрид – 5 мажи, 14 жени
- ЈУ ЦСР Берово – 5 мажи, 30 жени

- ЈУ ЦСР Штип – 4 мажи, 30 жени
- ЈУ ЦСР Валандово – 4 мажи, 8 жени
- ЈУ ЦСР Виница 5 мажи, 13 жени
- ЈУ ЦСР Струга – 8 мажи, 14 жени
- ЈУ ЦСР Крива Паланка – 5 мажи 25 жени
- ЈУ ЦСР Кичево – 8 мажи , 19 жени
- ЈУ ЦСР Гостивар – 17 мажи, 28 жени
- ЈУ Дом за доенчиња Битола – 4 мажи, 58 жени
- ЈУ ЦСР Крушево – 7 мажи 14 жени
- ЈУ за згрижување на деца со социјални проблеми Скопје - 21 маж, 34 жени
- ЈУ ЦСР Пробиштип – 5 мажи, 17 жени
- ЈУ ЦСР Радовиш – 6 мажи, 11 жени
- ЈУ ЦСР Тетово – 20 мажи, 47 жени
- ЈУ ЦСР Кратово – 7 мажи 13 жени

**Во 2026 година треба да се извршат систематски прегледи на вработените во следните јавни установи, единки корисници на министерството:**

- ЈУ ЦСР Неготино – 3 мажи 17 жени
- ЈУ ЦСР Македонски Брод – 6 мажи, 8 жени
- ЈУ ЦСР Прилеп – 19 мажи 33 жени
- ЈУ ЦСР Свети Николе – 2 мажи, 19 жени
- ЈУ ЦСР Битола 13 мажи, 48 жени
- ЈУ ЦСР Гевгелија – 2 мажи, 24 жени
- ЈУ ЦСР Кавадарци – 8 мажи, 35 жени
- ЈУ ЦСР Делчево -13 мажи, 27 жени
- ЈУ Завод за рехабилитација на деца и млади - 30 мажи, 42 жени
- ЈУ Прифатен центар за баратели на азил Визбегово – 6 мажи, 6 жени
- ЈУ ЦСР Кочани – 18 жени, 6 мажи
- Инспектори во министерство за социјална политика, демографија и млади – 14 жени, 11 мажи

Можна е промена во вкупниот број на вработени за кои ќе бидат потребни услуги за систематски преглед во периодот на времетраење на договорот поради можноста од нови вработувања.

## VIII ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

**Член 9**

Договорниот орган е должен да му овозможи на носителот на набавката непречен пристап до секоја локација на која треба да се извршува услугата.

Договорниот орган се обврзува во рок од 30 дена од датумот на прием на уредно доставената фактура со прилог месечен извештај за извршени работи да изврши плаќање на Носителот на набавката.

**Член 10**

Лице задолжено за реализација на договорот кај Договорниот орган е Емилија Печинска или друго лице овластено од Министер.

## IX ГАРАНЦИЈА ЗА НАВРЕМЕНО И КВАЛИТЕТНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 11**

Носителот на набавката е должен да обезбеди гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот во вид на банкарска гаранција во вредност од 5,00% од вредноста на договорот за јавна набавка со вклучен ДДВ со важност за целото времетраење на договорот.

Носителот на набавка е должен да достави неотповиклива, безусловна и наплатива на прв повик банкарска гаранција за навремено и квалитетно извршување на договорот.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот Носителот на набавката ја доставува најдоцна во рок до 7 (седум) дена од потпишувањето на договорот. Потпишаниот договор без доставена банкарска гаранција ќе се смета за неважечки и нема да предизвика правно дејство.

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот ќе биде наплатена доколку носителот на набавката не исполни некоја од обврските од договорот за јавна набавка во рокот на стасаноста, за што писмено ќе го извести носителот на набавката.

Оваа гаранција се враќа на носителот на набавката, во рок од 14 дена од денот на целосно реализирање на договорот.

Во случај кога е продолжен рокот за реализација на договорот или е зголемена неговата вредност, носителот на набавката соодветно треба да ја продолжи важноста и вредноста на гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот.

## X ДОГОВОРНА КАЗНА ЗА ЗАДОЦНУВАЊЕ, ОДНОСНО НЕИСПОЛНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 12**

Договорните страни се договорија дека Носителот на набавката ќе му плати на Договорниот орган определен паричен износ (договорна казна) ако не ја исполни

својата обврска согласно овој договор, а особено ако договорот е раскинат поради вина на Носителот на набавката.

Договорната казна изнесува 0,1% (1 промил) од вкупната договорена цена на услугите, со тоа што износот на така определената договорна казна не може да премине 5% од вкупната цена на услугите, предмет на набавка.

## XI ВИША СИЛА

### Член 13

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на овој Договор до кое би дошло заради "Виша сила", "Виша сила " значи исклучителен настан или околност:

а. кој е надвор од контрола на страните;

б. против кој ниедна од страните не можела разумно да преземе мерки пред стапување на Договорот;

в. кој, откако настанал, страната не можела разумно да го одбегне или да го совлада и

г. кој не може во голема мера да се припише на друга страна;

Вишата сила може да вклучува, но не е ограничена на исклучителните настани или околности опишани во точките од I до V, се додека се исполнети горенаведените услови од (а) до (г):

I. војна, непријателства, инвазија, акт на непријателства;
II. бунт, тероризам,револуција востание,воена сила или граѓанска војна;
III. немир, раздвиженост, неред, штрајк или блокада од лица кои не се персонал на изведувачот или подизведувачите;
IV. воена муниција, експлозивни материјали, радијација или радиоактивност од страна на изведувачот;
V. природни настани (пожар, поплава, земјотрес пандемија, лоши временски услови, невообичаено за годишното време и за местото на кое се изведуваат работите, утврдени во градежен дневник и сл.);

Ако една од договорните страни е спречена заради Виша сила должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за Вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

По отстранување на Вишата сила, Договорот може да се реализира по потреба со заеднички прифатено дополнување или да се раскине спогодбено.

Доколку изведбата на сите работи во голема мера е спречена во непрекинат период од 30 (триесет) дена поради "Виша сила " за која е дадено известување, тогаш која било од страните може да даде известување за раскинување на Договорот.

## XII ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН

**Член 14**

За се што не е регулирано со овој Договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи и позитивните законски прописи во Република Северна Македонија.

## XIII УСЛОВИ ЗА ПРЕКИНУВАЊЕ ИЛИ РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 15**

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска, другата договорна страна, може да бара исполнувањето на обврските или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата.

**Член 16**

Договорот не може да се раскине поради неисполнување на незначителен дел од обврската.

**Член 17**

Со раскинувањето на договорот двете договорни страни се ослободени од своите обврски, освен од обврската за надомест на евентуалната штета.

Ако една страна го извршила договорот целосно или делумно има право да и се врати она што го дала.

Ако двете страни имаат право да бараат враќање на даденото, заемните враќања се вршат според правилата за извршувањето на двостраните договори.

Секоја страна и должи на другата надомест за користа што во меѓувреме ја имала од она што е должна да го врати, односно да го надомести.

Страната што враќа пари е должна да плати затезна камата од денот кога ја примила исплатата.

Договорните страни се согласни евентуални спорови да се решаваат спогодбено во склад со важечките прописи и овој договор, но доколку тоа не е можно спорот ќе го решава надлежен суд во Скопје. Договорните страни се согласни да ги применат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за време на реализација на овој договор.

## XIV РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

**Член 18**

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање, во спротивно надлежен за решавање на сите евентуални спорови е Граѓанскиот Суд Скопје - Скопје.

## XV ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 19**

Договорот за јавна набавка во текот на неговата важност може да се дополни и/или измени само врз основа на член 119 од Законот за јавни набавки.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договорот за изменување и дополнување на основниот Договор.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

**Член 20**

Ниту една договорна страна нема право своите обврски да ги пренесе на трета страна, без взаемна писмена согласност.

**Член 21**

Овој Договор е составен во 4 (четири) примероци, од кои секоја страна задржува по 2 (два) примерока и стапува во сила со денот на неговото склучување.

| | |
|---|---|
| **Договорниот орган:** | **Носителот на набавката** |
| **Министер** | **Управител** |
| **Fatmir Limani** | **Кирил Лазаров** |
| ____________________ | ____________________ |

Изработил: Теодора Васиќ Петровска, Советник
Согласен: Љубица Панова, Раководител на сектор
Одобрил: Fatmir Sabriu, Државен секретар